

**Хераклеја Линкестис** е древен град којшто се наоѓа на јужната периферија на градот Битола, во подножјето на планината Баба. Името го носи името според Херакле, митскиот јунак и родоначалник на македонската кралска династија Аргеади, додека епитетот Врскаестис со значење “Врскаестидска”, доаѓа од називот на регионот Врскаестида во кој се наоѓал градот. Сместена во плодна рамнина, од север заштитена од планината Баба и реката Сива Вода на југ, Хераклеја опстојала и се развила во една значајна раскрсница на патот Виа Игнација (лат. *Via Ignatia*) кој ги поврзувал Драч и Босфор. Од Хераклеја патот дијагонално се протегал кон Стоби, а потоа кон Сердика (ден. Софија).

Првите истражувања на Хераклеја биле преземени уште пред Првата светска војна, но во посериозен обем тие се одвивале во 1935-36 год. Систематските археолошки ископувања на градот започнале во 1959 год. и континуирано траат до денес. Градот, основан од Македонскиот Цар Филип II Македонски, во себе носи белези на еден развиен воено-стратешки центар на северо-западната граница на тогашната македонска област Врскаесида (денешно Битолско Поле).

Хераклеја, со својата повеќеслојност, сведоци за еден континуиран вековен историски и културен развој. Откриените споменици претставуваат доказ дека градот бил граден, поградуван, рушен и одново граден и нарадуван и уште од неговото настанување во доцната бронзена ера, потоа хеленистичката, римска, па се до рановизантиската епоха имал статус на град со висок степен на цивилизација. Поради својата местоположба, Хераклеја не можела, а да не биде изложувана на разни влијанија и струи што доаѓале однадвор. Тоа се одразило, како врз урбаната структура на градот, така и врз стопанска и културната организација на животот во него. Сместена во плодна рамнина, од север заштитена од планината Баба и реката Сива вода на југ, Хераклеја опстојала и се развила во една значајна раскрсница на патот Биа Егнација, кој како воена сообраќајница ги поврзувала Драч и Босфор, преку Солун на југ и Скупи, преку Стибера и Стоби на север.

Со јакнењето на римската власт на овие простори, во периодот на 2 век п.н.е. кога Македонија станува римска провинција, Хераклеја станува силен економско- политички центар со свој постојан римски намесник и со своја римска војска. Највисок степен на цивилизациски развој за време на римското владеење и нивната асимилаторска политика на терените на Македонија, градот доживеал во првите векови на новата ера, кога добива статус на колонија. Во тој период, како што сведочи еден натпис на мермерен постамент од 3 век н.е., градот го носел името SEPTINA AURELIA HERACLEA. Сето тоа се одразило врз изгледот на градот, така што во голема мерка била застапена римската архитектура, иако традиционалните влијанија и историските придобивки се` уште давале свој белег на градот. При проучувањето и истражувањето на локалитетот Хераклеја, откриени се остатоците од некогашниот град, при што е направена реконструкција на неговиот изглед.

На северниот крак од форумот се наоѓа портикот на судницата со правоаголна основа на чиј северен ѕид стојат две статути на постаменти и еден постамент без статуа, кои како неми сведоци ја потврдуваат величенствената историја на градот. Статуата на Тит Флавиј Орест восхитува со една спокојна убавина во своите марцијални порпорции. На неа со грчко писмо е испишано неговото име. Младото женско тело и вообичаените атрибути за вистина и правда - терзијата и лакот - ја навестуваат маркантноста на Немеза, божицата на правда и судбината. Во грчкиот натпис на оваа статуа е кажано дека ова е дар од хераклејската граѓанка Јулија Тертила. Постаментот без статуа со грчки натпис е посветен на истата божица, а во рамка е поставен текст, стих од спевот на Хесиод.

Дела и денови: 'Гладот и несреќите никогаш не ги стасуваат оние главари кои праведно судат и плодовите од својот предан труд тие ги уживаат во изобилство', извадок што говори за високиот степен на образованост и културна свест на хераклејците во првата половина на 2 век од нашата ера, време на исклучителна градежна активност, врзана со владеењето на цар Трајан. Градењето на термата означува и раѓање на една повисока здравствена свест кај тамошните жители. Во таа смисла, термата со право може да се смета за првенче во подоцнежната изградба на аквадуктот и проширувањето на водната мрежа во 4 век. Термата располагала со три сали за капење и таа, со минимални корекции, била во употреба дури и во 5 век.

Посебно внимание на восхит буди импозантната градба на театарот каде што генијот на искуниот градител од тоа време, Витрубиј, бил доведен во совршенство. Хипотетичките податоци, забележани од археолозите и историчарите на уметноста, говорат за тоа дека почетоците на неговата градба датираат во времето на царот Хадријан, а завршните зафати биле изведени во времето на Антонин Пие. Повторно, по испробаниот стар рецепт од римската архитектонска кујна, се употребени мермерот, каменот и

печената тула, кои на ова монументалната градба ни даваат еден неповторлив изглед со впечатлива естетика. Со откривањето на бината, се потврди двојната функција на театарскиот објект - за сценски изведби и за претстави со животни кои биле чувани во трите кафези. За безбедноста на гледачите бил подигнат висок ѕид од ортостати околу орхестрата со метална ограда врз нив. Гледалиштето има дијазома со дваесет редови седишта, а над горниот ред се наоѓал Немезион. Почетната ложа со седишта била помеѓу третиот и седмиот ред. Сцената се состои од пет правоаголни простории и раскошно украсена северна фасада. Театарот бил со капацитет за околу три илијади посетители од сите сталежи.

Театарот во тоа време одиграл пресудна улога во создавањето на култот на маченикот - христијанин, кој во арената бил фрлан пред изгладнетите ѕверови. Христијаните, поткрепени од длабоката вера во Бога и спасение на душата, со молитва и без страв ја примале маченичката смрт, а тој чин громогласно бил крунисуван од страна на публиката. Крајот на третиот век до средината на четвртиот век е време на варварски напади, време на борба меѓу носителите на христијанската вера и нивните противници - паганите, се` до верскиот мир кога е направен и конечноиот успешен обид за примирје.

Немирите не запираат ниту во вековите што следат. Градот ќе биде разурнат и повторно роден налик на митската птица Феникс. Според елементите на материјалната култура, со сигурност може да се тврди дека христијанството послободно пулсирало низ дамарите на градот, каде што црковниот живот започнал успешно да се организира. За тоа најдобро сведочат архитектонските остатоци од самите градби, како и неколкуте списи на епископи од 4 век н.е. Уште една поткрепа на ова е и натписот на фонтаната, што е во непосредна близина на театарската зграда со името на епископот Јован, ќе им се јавува врежано и во монограмот на еден капител во малата базилика.

На тлото на Хераклеја пронајдени се остатоци од повеќе сакрални објекти кои восхитуваат со својата убавина, посебно со онаа на подните мозаици направени во опус сецтле и во опус тессалатум, коишто претставуваат ремек дела на панохристијанската уметнос од 5 и 6 век.

Станува збор за малата базилика (А), цивилната базилика (Б), големата базилика (ц) и земетријалната базилика (д) - сместена на околу 250 метри од централното градско подрачје на Хераклеја, покрај која се откиени ранохристијански и средовековни свавјански гробници. Како контраст на овие раскошни градби, врз урнатините на стариот театар, биле подигнати профани градби од камен и кал. Нивната важност е во нивната местополоќба, што зборува за високиот степен на рационализација на

средствата и на просторот, односно за големото градежно искуство стекнато низ вековите наназад.

Посебен интерес буди Епископската Резиденција, која има трапезоидна форма и нејзиниот распоред е темелен на придобивките на античката традиција. Врска помеѓу епископската базилика и останатите базилики во средниот дел на овој антички град била остварена преку ходник на нејзиниот источен влез. Просториите на Епископската Резиденција биле распоредени околу централниот двор, во чие средиште се наоѓал бунар. Патосите во сите простории на епископијата се направени во мозаици цложени од ситни каменчиња по принципот тессалатум. Во него се среќаваат најразновидни геометриски шари, розети, меандри, плетенки, рибини коски, плетен крст. Во тој декор се повторуваат мотиви од растителниот и животинскиот свет.

Епископската Резиденција била во употреба од 4 до 6 век од новата ера. На страниците на историјата на овој град биле испишани само настани што сведочат за неговата убавина и спокоен живот во него. За жал, Хераклејците ја немале таа среќа подол пероид да ги уживаат своите плодови. Честите и жестоки напади и понатаму продолжувале. Кон крајот на 6 век и почетокот на 7 век од новата ера, над Хераклеја, по долгогодишните судири со аваро - словенските племиња, завладеала ера од варварства. Така, кобната судбина на овој антички град завршила неславно со раселувањето на нејзините граѓани на разни страни, што придонело до згаснување на урбаниот живот во градот.

Некогаш велелепен град, сега само урнатина, Хераклеја, како и многу други антички населби во Македонија, доживеала повторно да блесне и посведочи за еден живот и една судбина што ја делеле многу наши предци. Сепак, и како таква денес таа не` остава без здив и со безбројни мисли и воздишки.

Градот бил основан во предримскиот период, веројатно од страна на македонскиот крал Филип II или Филип V. Според пишаните извори, по освојувањето на Врскаестида, Филип II подигнал тврдина (веројатно Хераклеја) преку која можел да контролира дел од кралството. Исто така постои податок според кој во почетокот на II век п.н.е., за време на војните со Римјаните, македонскиот крал Филип V изградил неколку тврдини во пограничните области за да ја осигура границата на кралството.

По победата на Римјаните и поделбата на Македонското кралство на четири области

(мериди), Хераклеја влегла во составот на четвртата мерида. Највисок степен на цивилизациски развој во време на римското владеење градот доживеал во првите векови на новата ера, кога добива статус на колонија. Во овој период Хераклеја станува силен економско-политички центар со свој постојан римски наместник и со своја римска војска. Сето тоа се одразило врз изгледот на градот, така што во голема мерка била застапена римската архитектура, иако традиционалните влијанија и историските придобивки се уште давале свој белег на градот.

Во 472 и 479 год. Хераклеја била нападната и разурната од Готите предводени од Теодорих, по што следувала негова обнова, но во овој период бил намален обемот на обѕидието, заради заштита на градот од опсади.

Во текот на V и VI век градот повторно бил нападнат од варварите, меѓу кои оние на Аварите и Словените и при крајот на VI век животот во Хераклеја дефинитивно замира.

При проучувањето и истражувањето на локалитетот, откриени се остатоците од некогашниот град, при што е направена реконструкција на неговиот изглед. На северниот крак од форумот се наоѓа портикот на судницата со правоаголна основа на чиј северен ѕид стојат две статути на постаменти и еден постамент без статуа, кои како неми сведоци ја потврдуваат величенствената историја на градот. Статуата на Тит Флавиј Орест изработена од бел мермер, восхитува со една спокојна убавина во своите марцијални пропорции (биста на Тит Флавил Орест е откриена и во храмот на Тихе, во Стибера). Младото женско тело и вообичаените атрибути за вистина и правда - терзијата и лакот - ја навестуваат Немеза, божицата на правда и судбината. Во грчкиот натпис на оваа статуа е кажано дека ова е дар од хераклејската граѓанка Јулија Тертила. Постаментот без статуа со грчки натпис е посветен на истата божица, а во рамка е поставен текст, стих од спевот на Хесиод, *„Дела и дни“*: „Гладот и несреќите никогаш не ги стасуваат оние главари кои праведно судат и плодовите од својот предан труд тие ги уживаат во изобилство“.

Градењето на термата означува и раѓање на една повисока здравствена свест кај тамошните жители. Во таа смисла, термата со право може да се смета за првенче во подоцнежната изградба на аквадуктот и проширувањето на воднта мрежа во IV век. Термата се состоела од сала за капење со студена вода - фригидиум на источната страна; сала со млака вода - тепидариум во средината; и многу затоплена сала во која имало врела вода - калдариум и била во употреба се` до V век.

Почетоците на градбата на театарот датираат во времето на царот Адријан, а завршните зафати биле изведени во времето на Антонин Пиј. Со откривањето на бината, потврдена е двојната функција на театарскиот објект - за сценски изведби и за претстави со животни кои биле чувани во трите кафези. За безбедноста на гледачите бил подигнат висок ѕид од ортостати околу оркестрата со метална ограда врз нив. Гледалиштето има дијазома со дваесет редови седишта, а над горниот ред се наоѓал Немезионот. Почетната ложа со седишта била помеѓу третиот и седмиот ред. Сцената се состои од пет правоаголни простории и раскошно украсена северна фасада. Театарот бил со капацитет за околу 3000 посетители од сите сталежи.

На тлото на Хераклеја се пронајдени остатоци од повеќе сакрални објекти украсени со подни мозаици направени во opus sectile и во opus tessalatum, датирани во 5 и 6 век. Станува збор за малата базилика (A), цивилната базилика (B), големата базилика (C) и цеметријалната базилика (D) - сместена на околу 250 метри од централното градско подрачје на Хераклеја, покрај која се откиени ранохристијански и средовековни гробници.

Како контраст на овие раскошни градби, врз урнатините на стариот театар, биле подигнати профани градби од камен и кал. Нивната важност е во нивната местоположба, што зборува за високиот степен на рационализација на средствата и на просторот.